Примено: 17.09.2018
Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност:
43-8703/1

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, бул.Илинден бр.2, 1000 Скопје, до 14.9.2018 година. Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

**Име на здружението/фонацијата:** Национален младински совет на Македонија

**ЕМБС** (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):

**Седиште и адреса** (улица, број, општина):

**Застапник:** Блажен Малески, Претседател

**Веб страница:** http://www.nms.org.mk

**Електронска пошта (e-mail):** info@nms.org.mk

**Телефонски број за контакт:** 072 565 820

**Лице за контакт:** Александра Филипова

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Македонија**
**за 2019 година**

**Автор: Александра Филипова, член на Управен одбор одговорен за комуникација со институции и политики**

**Наслов на иницијативата:** Препораки за Младинската гаранција

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Македонија)

Ова е директно поврзано со една од мерките од поглавјето нови работни места и повисоки плати.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Македонија)

/

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

/

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Краток опис**: Развој на оперативниот план за вработување 2019 година, со специфичен акцент на младите и дополнување на мерките за Гаранција за млади.

Согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2018 година и Законот за еднакви можности, учеството на младите луѓе до 29 години во овие мерки е најмалку 30%. Квотите за учество во мерките и програмите од Оперативниот план за млади се исполнија во текот на тековната година. Тоа пред се беше резултатот на ефективноста на гаранцијата за млади. Сепак, пополнувањето на квотите значеше дека до крајот на годината не останаа доволно можности за младите невработени бидат спроведени низ системот на Гаранцијата за млади. Дополнително, намалувањето на понудата на мерки за младите лица, директно влијае во намалувањето на интересот на младите луѓе да се вклучат во Гаранција за млади. Ние како Национален младински совет на Македонија, директно сме вклучени во пилотирањето на Младинската гаранција. Имајќи го на ум нашето досегашно искуство сметаме дека во Оперативниот план за вработување за 2019 година е потребно буџетирање на поголем број мерки за млади и зголемување на квотите во кросекторијалните мерки со цел надминување на предизвиците и вклучување во мерката на сите заинтересирани. Дополнително, предлагаме да се креира посебен буџет за проектот Младинска гаранција каде што ќе можат да се креираат дополнителни специфични мерки за младите невработени надвор од Оперативниот план за вработување со што ќе можат да се покријат поголем број на млади, ќе се финансира промовирањето на мерката и ќе се зголеми опфатот на целокупниот број млади во државата. Имајќи на ум дека во 2017 година нешто повеќе од 40.000 млади биле невработени, пилот програмата која успеа до септември 2018 да опфати 1770 млади. Со оглед на планот за целосно опфаќање на државата со програмата, нашите предлози значително ќе ја зголемат апсорпционата моќ на програмата и ќе овозможат уште повеќе млади да имаат придобивки од програмата.

**Уредување**: Одлука на Влада за започнување на проектот Младинска гаранција и одлука на Владата за усвојување оперативен план за вработување.

**Надлежно министерство:** Министерство за труд и социјална политика

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Зголемен број на млади кои ќе имаат поголем избор за мерките од Младинската гаранција. Зголемен број на доедуцирани и вработени млади.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Ваквата предлог иницијатива предизвику финансиски импликации. Средствата не се обезбедени, меѓутоа има интерес од меѓународната донаторска заедница за вклучување.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

/

**Наслов на иницијативата: Реформа на Агенцијата за млади и спорт**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Македонија)

Одговорна власт и контрола над власта

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Македонија)

/

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Краток опис:** Унапредување на работата на Агенцијата за млади и спорт

Во еден од стратешките приоритети Владата се обврзува дека: **„...ќе воведе принцип на т.н. „активна транспарентност“ на институциите, што подразбира објавување (без да им бидат побарани) на нивните програми (и предлог-програми), стратегии, мислења и студии, податоците за организацијата и трошоците на работењето, како и одлуките, актите и мерките со кои се влијае врз животот и работата на граѓаните и фирмите“.**

Со оглед на ваквата стратешка определба, поттикнуваме активно имплементирање на целта во работата на Агенцијата за млади и спорт. Најпрвин е потребно да се објавуваат годишната програма за млади и буџетските спецификации во делот за млади. За жал констатираме дека овие информации за 2018 година не беа достапни.

Дополнително, иако со одлука на Влада се формираа работни групи помеѓу државните институции и младинските организации на неколку различни теми, Агенцијата за млади и спорт како надлежна институција за млади и партнер на младинските организации треба да ги објавува информациите за формирањето, членовите во работните групи, датумите на состаноците, дневните редови на самите состаноци и запсиниците од самите состаноци.

Во јануари 2017 година се објави мониторинг на работата на Агенцијата за млади и спорт во периодот 2014-2016 година. По анализирање на овој период, беа креирани и претставени препораки и мерки за унапредување на работата на оваа Агенција. Тие можат да послужат како индикативен план за усовршување на работата на Агенцијата.

Дополнително, Агенцијата за млади и спорт е единствена државна институција надлежна за развојот на младинските организации. Оттаму предлагаме враќање на буџетската ставка за трансфери кон невладини организации во специфичниот дел на млади. Дополнително, средствата можат да бидат црпени и од законот за игри на среќа, со тоа што во самиот закон би се дополнило дека младинските организации имаат пристап до самите фондови, а Агенцијата како тело на Владата е надлежно да ги распредели за тие цели.

**Надлежен орган:** Влада на Република Македонија

**Уредување:** Закон за игри на среќа и забавни игри, Закон за организација и работа на органите на државната управа.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Зголемен квалитет на работата на Агенцијата за млади и спорт, поголем број на квалитетни проекти за млади, зголемена соработка со граѓанските организации и продлабочување на партнерството.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Нема да има финансиски имплкации доколку се промени Законот за забавни игри и игри на среќа.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Мониторинг и унапредување на работата на Агенцијата за млади и спорт, автори: Мартина Илиевска, Александра Филипова, Петар Барлаковски

Линк до прилог: https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/analiza-monitoring-na-ams

**Наслов на иницијативата:** Ревизија на Национална стратегија за млади 2016-2025

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Македонија)

Поддршка за младите

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Македонија)

/

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

/

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Краток опис:** Ревизија на Национална стратегија за млади 2016-2025

Ревизија и креирање на соодветна Национална стратегија за млади, која што ја носи Владата на Република Македонија по предлог на Агенцијата за млади и спорт, е потребно најпрвин поради недостатокот на имплементација на досегашните години од самата стратегија. Иако се поминати скоро две години од донесувањето на оваа стратегија, акцискиот план за нејзино спроведување се реализира на минимално ниво. Младинските организации не се активно вклучени во спроведување на целите кои се наведени во оваа стратегија, ниту пак се предвидени континуирани годишни средства за имплементацијата на акциските планови. Дополнително, целите во самата стратегија се дефинирани многу општо, а начинот на кој што тие планираат да се исполнат е нејасен и неостварлив, бидејќи пред се се активности кои веќе се спроведуваат од други субјекти и не вродуваат со плод. На крајот, и самите околности во кои се младите се изменети во овие две години, како и европскиот контекст. Оттаму, предлагаме ревидирање на самата стратегија во соработка со младинските организации за креирање на остварливи цели кои ќе го подобрат животот на младите.

Ваквата иницијатива беше доставена и на Повикот до граѓански сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работата на Владата на Република Македонија за 2018 година, меѓутоа ревизијата на стратегијата не е започната и покрај најавите и почетните состаноци на почетокот на годината. Имајќи на ум дека не постои друг документ кој ги уредува активностите и приоритетите за млади, од есенцијално значење е да се ревидира овој документ и институциите при своето работење да го следат истиот.

**Уредување:** Национална стратегија за млади 2016-2025 година

**Институција:**

Влада на Република Македонија - ја усвојува

Агенција за млади и спорт е одговорна за креирање на документот.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Креирани приоритетни мерки и области кои соодветствуваат со моменталната потреба и приоритети на младите. Креирана стратегија која младинските организации ќе ја прифатат бидејќи овој пат вистински ќе бидат вклучени.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Нема финансиски импликации.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Анализа на спроведените активности од Национална стратегија за млади 2005-2015, автор: Александра Живковиќ

Линк до прилогот: https://issuu.com/aleksandrazivkovic/docs/mof_nacionalna_strategija_pregled_3

ИЗЈАВА

Национален младински совет на Македонија дава согласност за објавување на предлогот на интернет страницата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk

Потпис на застапникот

14.09.2018 година М.П. ------------------------------